НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА

"ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ"

КУМАНОВО

# СКУЛПТУРИ НА НОВОТО ВРЕМЕ 2017

Scanned by CamScanner

Деветтото издание на биеналната изложба на скулптури "Скулптури на новото време 2017" претставува продолжување на започнатата мисија на претставување на автори и дела коишто опстојуваат на македонската ликовна сцена. Оваа година учество зедоа следните автори: Горан Ѓорев, Никола Смилков, Ангел Коруновски, Кирил Мукаетов, Јадранка Урдаревски, Бранко Величковски, Андреј Митевски, Марјан Стојаноски, Емил Солески, Стојче и Емилија Тоциновски, Виктор Лазароски, Сашко Јанев, Атанас Атанасоски, Мирослав Величковски - Мире, Мартина Трпческа, Марина Цветановска-Мартиновска, Влатко Зафирковски, Сергеј Дамовски, Александар Јанев, Јордан Јанев - Дане, Гордана Хаџи-Николова Малашев. Настојувањата за некој поамбициозен аналитички концепиран пристап во смисла на селективност на делата коишто беа понудени беше во втор план со оглед на многу скромната квантитативно-квалитативна понуда. И оваа година, покрај сите наши напори вложени во медиумскиот простор, интернет порталите и социјалните мрежи за вклучување на голем број нови скулптори во проектот, не наидовме на поголемо разбирање и интерес кај македонските академски скулптори. Причините за тоа лежат во многу малата продукција, проблем којшто го нотираме со години. Потоа тука е присутен и проблемот на малата или скоро никаква поддршка на авторска скулптура наспроти нарачаната монументална скулптура од страна на државата којашто, пак, беше добро финансирана во изминатите десетина години и целото внимание на авторите го сврте на таа страна. Предизвикот да се инвестира и отвори поле за нови истражувачки проекти во областа на современата скулптура е многу мал и поради лимитираните капацитети на изложбените простори и опасноста истите да не бидат во можност соодветно да се презентираат а со тоа и неадекватно претстават на самата публика. Имајќи ги овие аспекти во вид и прифаќајќи ја постоечката ситуација како охрабрување, сепак можеме да констатираме дека постојат автори коишто се занимаваат со скулптура во континуитет без оглед на условите и дека истите се во постојан творечки прогрес за што говорат и нивните дела. Формираните скулпторски ракописи се во фаза на постојана трансформација освојувајќи нови хоризонти и тој развој е евидентен во компарација со претходниот период. Насочени кон развивањето на своите идеи, скулпторите се обидуваат да внесат нови моменти во своето тродимензионално креирање притоа не напуштајќи го основниот концепт, па оттука и континуитетот со претходниот материјал е повеќе од евидентен. Во најголемиот дел од материјалот којшто е понуден е применет класичниот скулпторски пристап на изработка на скулптура со мануелна интервенција во некој материјал (дрво, метал и сл.) со авторско видување во насока на асоцијативна фигурација или апстрактно-геометризирана форма. Дел од авторите настапуваат со концептуален приод користејќи готови предмети како објекти поставени во определен контекст, со намера да предизвикаат некаква реакција кај консументот - емотивна или интерактивна. Да се надеваме дека десеттото издание ќе донесе значаен пресврт во смисла на поголем избор на скулпторски трудови произлезени од зголемена скулпторска продукција и приближување кон проекти коишто се актуелни на европската сцена, а дотогаш оваа изложба нека биде еден од елементите којшто ќе го актуелизира овој проблем и ќе му даде насоки на општеството во редефинирањето на моменталната поддршка за авторите коишто работат во сегментот на современата македонска скулптура.

**Роберт Цветковски, историчар на уметноста**

Scanned by CamScanner



“Сећавања“, бронза, 20x9x8, 2016

Scanned by CamScanner

издавач:
НУЦК "Трајко Прокопиев" - Куманово
за издавачот: Роберт  Цветковски
организација: Роберт Цветковски и м-р Зоран Арсовски
текст: Роберт Цветковски
фотографии: м-р Зоран Арсовски
дизајн и компјутерска подготовска: Страшо Арсовски
печати: АРТ ПРИНТ СТУДИО - Скопје, тираж: 300

Министерство за култура на Република Македонија

Scanned by CamScanner